ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI SHËNDETËSOR PUBLIK
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE PËR PULMOLOGJI DHE ALERGOLOGJI
Бр.-Nr. 04-18/1
02 01 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници вд Директорот на ЈЗУ УК за пулмологија и алерголопија Скопје донесе

ОДЛУКА
за избор на кандидат по јавен оглас за вработување
на административни службеници

1. За извршител на работно место ЗДР 01 02 В04 001 – помлад соработник за административно технички работи – преведувач, Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси, се избира кандидатот **Ајше Џемаили**
2. За извршител на работно место ЗДР 01 02 В04 003 – помлад соработник за човечки ресурси, Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси се избира кандидатот **Николина Грујоска.**
3. За извршител на работно место ЗДР 01 02 Г04 001 – помлад референт администратор (болничко лекување), Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство се избира **Мартин Огњановски**
4. За извршител на работно место ЗДР 01 02 В01 016 – советник за јавни набавки, Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство, нема кандидат кој се квалификува за вработување.
5. Именуваните ќе бидат вработени на неопределено време на работното место од точка 1, 2 и 3, по конечноста на оваа Одлука.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По барање на ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија Скопје, Агенција за администрација објави јавен оглас бр.1058/2025 на веб страната и во дневните весници ,,Нова Македонија,, , ,,Вечер,, и ,,Koha,, на 26.11.2025 година за вработување на 4 јавни службеници во ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија Скопје за следните работни места:

1. ЗДР 01 02 В04 001 – помлад соработник за административно технички работи – преведувач, Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси , 1 извршител
2. ЗДР 01 02 В04 003 – помлад соработник за човечки ресурси, Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси 1 извршител
3. ЗДР 01 02 Г04 001 – помлад референт администратор (болничко лекување), Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство 1 извршител и
4. ЗДР 01 02 В01 016 – советник за јавни набавки, Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство 1 извршител

Со Решение бр.10-2629/3 од 05.12.2025 Агенцијата за администрација, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.1058/2025.

Комисијата за селекција за вработување изврши административна селекција за административните службеници и изготви Записник бр.10-2629/4 од 12.12.2025 година.

На ден 22.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник за оглас бр.1058/2025, за четирите работни места, и притоа се изготви Записник бр.10-2629/6 од 22.12.2025 година.

На ден 23.12.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за што се изготви Записник бр.10-2629/7 од 23.12.2025 година.

Агенција за администрација достави предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.1058/2025 со бр.10-2629/9 од 25.12.2025 година, со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, каде за работно место ЗДР 01 02 В04 001 – помлад соработник за административно технички работи – преведувач, Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси, предложен кандидат е Ајше Џемаили, за работно место ЗДР 01 02 В04 003 – помлад соработник за човечки ресурси,

Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси предложен кандидат е Николина Грујоска .и за работно место ЗДР 01 02 Г04 001 – помлад референт администратор (болничко лекување), Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство, предложен кандидат е Мартин Огњановски, за вработување на неопределено време, а за работно место ЗДР 01 02 В01 016 – советник за јавни набавки, Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство , нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на се погоре наведено, вд Директорот на ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволната страна има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

Доставено до:

- Агенција за администрација
- Кандидат
- Архива на ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија Скопје

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА СКОПЈЕ**
***Вд директор***
***Прим.д-р Оливер Зафировски***

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI SHËNDETËSOR PUBLIK
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПУЛМОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE PËR PULMOLOGJI DHE ALERGOLOGJI
СКОПЈЕ - SHKUP
1